РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ISSN-1857-9779

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1326

Скопје, 15 март 2025 година

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ АНАЛИТИКА НА ЛЕКОВИ И ПРИМЕНЕТА ХЕМИЈА И ФАРМАЦЕВТСКИ АНАЛИЗИ НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет – Скопје, објавен во весникот „Слободен печат“ бр. 3354 од 29.1.2025 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: аналитика на лекови (3.05.02.07) и применета хемија и фармацевтски анализи (3.05.02.08), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-113/12, донесена на 10.2.2025, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Анета Димитровска, редовен професор на Фармацевтскиот факултет во Скопје, д-р Сузана Трајковиќ-Јолевска, редовен професор на Фармацевтскиот факултет во Скопје и д-р Руменка Петковска, редовен професор на Фармацевтскиот Факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области аналитика на лекови и применета хемија и фармацевтски анализи, во предвидениот рок се пријави д-р Јелена Ацевска.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката проф. д-р Јелена Ацевска е родена на 15.VI 1980 година во Куманово. Основното и средното образование ги завршила во Куманово, со континуиран одличен успех. Во учебната 1999/2000 се запишала на студии на Фармацевтскиот факултет во Скопје, кои ги завршила во јуни 2004 година со просечен успех 8,17. Во декември 2004 година го положила стручниот испит за дипломирани фармацевти.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во октомври 2005 год., кандидатката се запишала на постдипломски (магистерски) студии по аналитика на лекови на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Предвидените испити ги положила со просечен успех 9,89, а во јули 2011 година успешно ја одбранила магистерската работа на тема: „Развој и проценка на различни хроматографски постапки за определување на алкалоиди од афион“ и се стекнала со научното звање магистер на фармацевтски науки.

Во октомври 2007 год., кандидатката се запишала на специјализација од областа на испитување и контрола на лекови на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во јануари 2011 година успешно го одбранила специјалистичкиот труд со наслов: „Развој и валидација на RP-HPLC метод за определување на алкалоиди од афион“ и се стекнала со стручното звање специјалист по испитување и контрола на лекови.

Во декември 2011 година поднела пријава за докторска дисертација под наслов: „Аналитички и статистички методи за специфично маркирање на фармацевтски супстанции: предизвици и примена при проценка на квалитет на аналитички резултат“, која ја одбранила на 3.4.2015 година, со што се стекнала со звањето доктор на фармацевтски науки.

На 11.9.2015 година, со Одлука на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 02-489/11, избрана е во звањето доцент по групата предмети: Аналитика на лекови и Применета хемија и фармацевтски анализи. На 7.7.2020 година, со Одлука на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 02-295/8, избрана е во звањето вонреден професор по групата предмети: Аналитика на лекови и Применета хемија и фармацевтски анализи, на кое работно место се наоѓа и денес. Последниот реферат за избор во звањето вонреден професор е објавен во Билтен бр. 1216 од 1.6.2020 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, како и од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. **НАСТАВНО, НАУЧНИ, СТРУЧНИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА**

***Наставно-образовна дејност***

Кандидатката д-р Јелена Ацевска континуирано и активно е вклучена во изведувањето на практичната и теоретската настава од интегрираните прв и втор циклус на студиската програма Магистер по фармација, прв циклус на студиската програма Дипломиран лабораториски биоинженер, прв циклус на студиската програма Диететика и диетотерапија, како и во изведувањето настава на втор и трет циклус студии на Фармацевтскиот факултет.

На Институтот за применета хемија и фармацевтски анализи при Фармацевтскиот факултет, кандидатката е ангажирана во изведувањето на практичната и теоретската настава на предметите: Аналитика на лековите и легислатива, Инструментални фармацевтски анализи, Органска хемија применета во фармација, Евалуација на фармакопејски супстанции, Лабораториски менаџмент, Регистрација на лекови, Лабораториски техники и инструментални методи, Легислатива и лабораториски менаџмент, Органска хемија – теоретски основи, Лабораториски вежби по органска хемија, Органска хемија за диететичари и Методи за анализа на храна. Исто така, учествува во реализација на теоретската настава на втор циклус студии на студиските програми: Магистерски студии по лабораториска анализа и инженерство во фармацијата, Магистерски студии по диететика и диетотерапија и Специјалистички студии по фармацевтска регулатива. На трет циклус студии кои се изведуваат на Фармацевтскиот факултет, учествува во изведувањето на наставата на предметите: Современи инструментални анализи и техники, Фармацевтски анализи (напреден курс) и Хемометрија во дизајнирање и анализа на експериментални податоци.

Д-р Јелена Ацевска била ментор на дипломски и магистерски трудови, ментор на кандидати од академски и здравствени специјализации и учествувала како член во комисија за оцена/или одбрана на повеќе дипломски, магистерски и специјалистички трудови.

Автор и коавтор е на следниве рецензирани учебни помагала:

- Учебник „Инструментални фармацевтски анализи“ од авторите А. Димитровска, З. Кавраковски, К. Брезовска, Ј. Ацевска и Н. Наков. Фармацевтски факултет –УКИМ, Скопје, октомври 2020.
- Учебник Евалуација на хемиски супстанции за фармацевтска употреба според европската фармакопеја, Четврто издание, од авторите А. Димитровска, С. Трајковиќ Јолевска, К. Брезовска, Ј. Ацевска, мај 2021

(Изменето и дополнето издание на учебник, рецензија објавена во Билтен на УКИМ бр. 1237, од 1.5.2021).

- Поглавје во книга: Natalija Nakov, Jelena Acevska, Katerina Brezovska, Zoran Kavrakovski, Aneta Dimitrovska. Chromatographic Approaches for Physicochemical Characterization of Compounds in CHROMATOGRAPHY: AT A GLANCE. 2021. Open Access eBooks, Las Vegas, USA.
- Поглавје во книга: Natalija Nakov, Jelena Acevska, Katerina Brezovska, Zoran Kavrakovski and Aneta Dimitrovska, Green strategies towards eco-friendly HPLC methods in pharma analysis in High Performance Liquid Chromatography - Recent Advances and Applications, IntechOpen, Лондон UK, 2023.

***Научноистражувачка дејност***

Како резултат на нејзината досегашна научна работа, како автор и коавтор, д-р Јелена Ацевска има објавено повеќе научни и стручни трудови, во земјата и во странство.

Научноистражувачката дејност на кандидатката е насочена кон примена на современ пристап во развој и оптимизација на аналитички методи, како и примена на современи техники за структурна карактеризација на супстанции за фармацевтска употреба и анализа на специфичните хемиски обележја во насока на откривање на потеклото и автентичнота на активните супстанции и готови фармацевтски производи.

Во периодот по нејзиниот избор во звањето вонреден професор, д-р Јелена Ацевска била учесник во проектите: „ Развој на методи со користење на вибрациони спектроскопски техники во спрега со мултиваријантна анализа во различни подрачја од фармацевтски интерес“, Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје / 2021 – 2023 (координатор на работен пакет), „Пристапи за развој на еколошки прифатливи хроматографски методи во фармацевтски анализи“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2022 – 2023, „Зајакнување на лабораториските капацитети за откривање на фалсификувни лекови како дел од стратегијата на Република Северна Македонија за борбата против фалсификувањето на лекови“, Министерство за наука и образование на РСМ, 2021 – 2023, „Платформа за интеграција, агрегација и складирање на знаење поврзано со фармацевтските науки, PharmDataBorg“, Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, 2021 – 2023, „Анализа на присуство на нитрозамини како онечистувања во супстанции за фармацевтска употреба и готови фармацевтски производи“ (2020 – 2022), „Влијанието на новите регулаторни барања на ЕУ во обезбедување на квалитет и следење на безбедноста на медицинските средства“ (2019 – 2021), „Градење на национална стратегија за борба против фалсификувањето на лекови“, Национален проект (2016 – 2023).

Кандидатката учествувала на бројни домашни и меѓународни научни собири, а исто така била член на Научен одбор на 7. Конгрес на фармација со меѓународно учество во Охрид, во 2022 година.

Рецензент е во повеќе научни/стручни меѓународни списанија како што се: *Journal of Chromatography A*, *Vibrational Spectroscopy*, *Journal of Separation Science*, *Analytical Chemistry Letters*, *Macedonian pharmaceutical bulletin*, *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering*, и др.

***Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес***

Д-р Јелена Ацевска активно е вклучена во научноистражувачката работа на Институтот за применета хемија и фармацевтски анализи, како и во работата на Центарот за испитување и контрола на лекови при Фармацевтскиот факултет во Скопје.

Член е на тимот за имплементирање на стандардот за општите барања за лаборатории за тестирање и лаборатории за калибрација ISO/IEC 17025, по кој е извршена акредитација на Центарот за испитување и контрола на лекови, од Институтот за акредитација на Република Северна Македонија. Јелена Ацевска активно учествува во Работната група за испитување на активни супстанции за фармацевтска употреба, Работната група за комуникација и Советодавната група за работата за Генералната мрежа на овластени лаборатории под покровителство на Европскиот директорат за квалитет на лекови, Стразбур, Франција.

Член е и на експертската работна група 11 и експертската група за спектроскопија и анализа на податоци од Европска фармакопеја при Европскиот директорат за квалитет на лекови (*European Directorate for Qulaity of Medicines*, EDQM).

Во рамките на активностите на Факултетот, д-р Јелена Ацевска била член на Комисијата за јавни набавки и Комисијата за еквиваленција.

Кандидатката е член на Комисијата за проценка на фармацевтската, хемиската и биолошката документација за лековите, со решение на директорот на Агенцијата за лекови и медицински средства на Република Северна Македонија.

Д-р Јелена Ацевска е член на: Фармацевската комора на Македонија, Здружението на фармацевти на Р Македонија, работни групи во рамки на мрежата на овластени лаборатории за контрола на лекови при Европскиот директорат за квалитет на лекови (*European Directorate for Quality of Medicines*, EDQM), експертски групи од Европска фармакопеја (*European Pharmacopeia*), како и на Работна група за хемометрија во рамки на Дивизијата на аналитичка хемија на Европската асоцијација на хемиските друштва (*Chemometrics working group within the Division of Analytical Chemistry* (DAC) of the EuCheMS (*European Association of Chemical Societies*)).

***Оценка од самоевалуација***

Кандидатката д-р Јелена Ацевска, во периодот од 2020 до 2024 година, добила позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Фармацевтскиот факултет во Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на вонр. проф. д-р Јелена Ацевска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека вонр. проф. д-р Јелена Ацевска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во наставно-научните области: аналитика на лекови и применета хемија и фармацевтски инструментални анализи.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет, вонр. проф. д-р Јелена Ацевска да биде избрана во звањето редовен професор во наставно-научните области: аналитика на лекови и применета хемија и фармацевтски анализи.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Анета Димитровска, с.р.**
**Проф. д-р Сузана Трајковиќ-Јолевска, с.р.**
**Проф. д-р Руменка Петковска, с.р.**

**АНЕКС 1**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Јелена Благој Ацевска**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**
**Фармацевтски факултет, Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: аналитика на лекови и применета хемија и фармацевтски анализи; фармација; медицински науки и здравство**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,17.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,89. | да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: аналитика на лекови и применета хемија и фармацевтски анализи.<br>Назив на научното поле: фармација.<br>Назив на научно подрачје: медицински науки и здравство. | да |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со Законот за високо образование во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование | да |
| 3.1.1 | 1. Назив на научното списание: *Vibrational Spectroscopy*<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Science Citation Index Expanded (SCIE), SCImago Journal Rank (SJR), SNIP<br>3. Наслов на трудот: Screening the capability of vibrational spectroscopic techniques for simultaneous quantification of vitamins B1, B6, and B12 in a powder blend<br>4. Година на објава: 2024 | да |
| 3.1.2 | 1. Назив на научното списание: *Journal of AOAC INTERNATIONA*L | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Web of Science (SCIE), PubMed, Embase, UGC CARE<br>3. Наслов на трудот: Greenness Assessment and Validation of HPLC Method for Simultaneous Determination of Resveratrol and Vitamin E in Dietary Supplements<br>4. Година на објава: 2024 | |
| 3.1.3 | 1. Назив на научното списание: *Acta Chromatographica*<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Web of Science (SCIE), UGC CARE<br>3. Наслов на трудот: Green RP-HPLC methods for assay and related substances in rivaroxaban tablets<br>4. Година на објава: 2024 | да |
| 3.1.4 | 1. Назив на научното списание: *Journal of Pharmaceutical Science*<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Web of Science (SCIE), PubMed, Embase, UGC CARE<br>3. Наслов на трудот: Clustering of Tadalafil API Samples According to their Manufacturer in the Context of API Falsification Detection<br>4. Година на објава: 2023 | да |
| 3.1.5 | 1. Назив на научното списание: *Talanta*<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Web of Science (SCIE), PubMed, Embase, UGC CARE<br>3. Наслов на трудот: GEONs API fingerprint project: Selection of analytical techniques for clustering of sildenafil citrate API samples<br>4. Година на објава: 2022 | да |
| 3.1.6 | 1. Назив на научното списание: Journal of Food Science and Technology<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Web of Science (SCIE), DOAJ, UGC CARE<br>3. Наслов на трудот: Design of experiments (DoE) to model phenolic compounds recovery from grape pomace using ultrasounds<br>4. Година на објава: 2022 | да |
| 3.1.7 | 1. Назив на научното списание: *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering*<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Web of Science (SCIE), DOAJ, UGC CARE<br>3. Наслов на трудот: Development of a stability-indicating method for evaluation of impurity profile of Atorvastatin film-coated tablets using cyano column based on core-shell technology<br>4. Година на објава: 2022 | да |
| 3.1.8 | 1. Назив на научното списание: *Journal of Pharmaceutical and Biomedical Analysis*<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Web of Science (SCIE), PubMed, Embase, UGC CARE<br>3. Наслов на трудот: European fingerprint study on omeprazole drug substances using a multi analytical approach | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | and chemometrics as a tool for the discrimination of manufacturing sources<br>4. Година на објава: 2021 | |
| 3.1.9 | 1. Назив на научното списание: Current Analytical Chemistry<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Web of Science (SCIE), UGC CARE<br>3. Наслов на трудот: Chromatographic and surfactant based potentiometric determination of aqueous dissociation constant of mupirocin<br>4. Година на објава: 2020 | да |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: Green strategies towards eco-friendly HPLC methods in pharma analysis in High Performance Liquid Chromatography - Recent Advances and Applications,<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Велика Британија<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: IntechOpen, 2023, London, UK | да |
| 4.1 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br>1. Наслов на учебникот: „Инструментални фармацевтски анализи“<br>2. Место и година на објава: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, 2020 | да |
| 4.2 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br>1. Наслов на учебникот: „Евалуација на хемиски супстанции за фармацевтска употреба според европската фармакопеја“, четврто издание<br>2. Место и година на објава: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, 2021 | |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор: 7.7.2020<br>Билтен бр. 1216 од 1.6.2020 година. | да |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018).

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ 2**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Јелена Благој Ацевска**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**
**Фармацевтски факултет, Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: аналитика на лекови и применета хемија и фармацевтски анализи; фармација; медицински науки и здравство**
**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на настава** | |
| **1.1** | **Одржување на теоретска настава – предавања** | **78** |
| 1.1.1 | **Магистер по фармација – интегрирани прв и втор циклус студии** | |
| | Аналитика на лекови и легислатива (7 ЕКТС)<br>3*15* 0,04 (2020-2024) | 9 |
| | Инструментални фармацевтски анализи (7 ЕКТС)<br>3*15* 0,04 (2020-2024) | 9 |
| | Органска хемија, применета во фармација (7 ЕКТС)<br>5*15 * 0,04 (2020-2024) | 15 |
| | Регистрација на лекови (5 ЕКТС), изборен предмет<br>2.5*10* 0,04 (2020-2024) | 5 |
| | Лабораториски менаџмент (2 ЕКТС), изборен предмет<br>1*10* 0,04 (2020-2024) | 2 |
| 1.1.2 | **Лабораториско биоинженерство – прв циклус студии** | |
| | Лабораториски техники и инструментални методи 1 (7 ЕКТС)<br>1*15 * 0,04 (2020-2024) | 3 |
| | Лабораториски техники и инструментални методи 2 (7 ЕКТС)<br>1*15 * 0,04 (2020-2024) | 3 |
| | Органска хемија, теоретски основи (5 ЕКТС)<br>4*15 * 0,04 (2020-2024) | 12 |
| | Легислатива и лабораториски менаџмент (ЕКТС 4)<br>1*10*0,04 (2020-2024) | 2 |
| | Физичко-хемиски методи и функционални тестови во контрола на лекови-напредно ниво (изборна настава) (ЕКТС 3)<br>1.5*10 *0,04 (2020-2024) | 3 |
| 1.1.3 | **Диететика и диетотерапија – прв циклус студии** | |
| | Органска хемија за диететичари (5 ЕКТС)<br>2*15*0,04 (2020-2024) | 6 |
| | Методи за анализа на храна (6 ЕКТС)<br>3*15*0,04 (2020-2024) | 9 |
| **1.2** | **Одржување на практична настава – вежби** | **55,2** |
| 1.2.1 | **Магистер по фармација – интегрирани прв и втор циклус студии** | |
| | Легислатива и аналитика на лекови (7 ЕКТС)<br>175 часа годишно * 0,03 (2020/21-2022/23)<br>140 часа годишно * 0,03 (2023/24) | 23,55 |

| | | |
|---|---|---|
| | 120 часа годишно * 0,03 (2024/25) | |
| | Инструментални фармацевтски анализи (7 ЕКТС)<br>150 часа годишно * 0,03 (2020/21-2021/22)<br>100 часа годишно * 0,03 (2022/23-2024/25) | 18 |
| | Евалуација на фармакопејски супстанции (2 ЕКТС)<br>50 часа годишно * 0,03 (2020/21-2024/25) | 7,5 |
| 1.2.2 | **Лабораториско биоинженерство – прв циклус студии** | |
| | Лабораториски техники и инструментални методи 1 (7 ЕКТС)<br>40 часа годишно * 0,03 (2020/21-2021/22)<br>15 часа годишно * 0,03 (2022/23-2024/25) | 3,75 |
| | Лабораториски техники и инструментални методи 2 (7 ЕКТС)<br>40 часа годишно * 0,03 (2022/23-2023/24) | 2,4 |
| **1.3** | **Одржување на настава – втор циклус студии** | **65,0** |
| 1.3.1 | **Магистерски студии по лабораториска анализа и инженерство во фармацијата** | |
| | - Управување со квалитет на испитувањето во аналитичка лабораторија (8 ЕКТС)<br>30 часа годишно * 0,05 (2020-2024) | 7,5 |
| | - Анализа на фармацевтски супстанции и производи (5 ЕКТС)<br>30 часа годишно * 0,05 (2020-2024) | 7,5 |
| | - Развој и валидација на аналитички методи, изборен предмет (5 ЕКТС)<br>30 часа годишно * 0,05 (2020-2024) | 7,5 |
| | - Примена на современи техники за анализа: IR, изборен предмет (5 ЕКТС)<br>30 часа годишно * 0,05 (2020-2024) | 7,5 |
| | - Примена на современи техники за анализа: LC, изборен предмет (5 ЕКТС)<br>30 часа годишно * 0,05 (2020-2024) | 7,5 |
| 1.3.2 | **Специјалистички студии по фармацевтска регулатива** | |
| | - Фармацевтска легислатива (8 ЕКТС)<br>50 часа годишно * 0,05 (2020-2024) | 12,5 |
| | - Иноваторни и генерички лекови (6 ЕКТС)<br>30 часа годишно * 0,05 (2020-2024) | 7,5 |
| 1.3.3 | **Специјалистички студии по индустриска фармација** | |
| | - Современи инструментални методи (3 ЕКТС)<br>30 часа годишно * 0,05 (2020-2024) | 7,5 |
| **1.4** | **Одржување на настава – трет циклус студии** | **10,8** |
| | Современи инструментални методи и техники (6 ЕКТС)<br>30 часа годишно * 0,06 (2020-2024) | 3,6 |
| | Фармацевски анализи (напредно ниво) (6 ЕКТС)<br>60 часа годишно * 0,06 (2020-2024) | 7,2 |
| **2.** | **Подготовка на нов предмет** | **1,5** |
| 2.1 | Современи инструментални методи и техники – трет циклус студии | 0,5 |
| 2.2 | Хемометрија во дизајнирање и анализа на експериментални податоци – трет циклус | 0,5 |
| 2.3 | Анализа на фармацевтски супстанции и производи – втор циклус | 0,5 |
| **3.** | **Консултации со студенти** | **3,0** |
| 3.1 | Студиска програма магистер по фармација, 2020-2024<br>(1000 студенти)*0,002 | 2 |
| 3.2 | Студиска програма дипломиран лабораториски биоинженер, 2020-2024<br>(400 студенти) )*0,002 | 0,8 |
| 3.3 | Студиска програма диететика и диетотерапија, 2020-2024 | 0,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | (100 студенти) )*0,002 | |
| **4.** | **Ментор на дипломска работа**<br>Вкупно 10 студенти *0,2 (2020-2024) | **2** |
| **5.** | **Ментор на специјалистичка работа**<br>Вкупно 14 (7+7) *1 (2020-2024) | **14,0** |
| **6** | **Ментор и едукатор на здравствена едукација**<br>3*15*0,08*2 семестри (2020-2024) | **7,2** |
| **7.** | **Член на комисија за оцена и одбрана на магистерски труд**<br>Вкупно 5 кандидати * 0,3 (2020-2024) | **1,5** |
| **8.** | **Член на комисија за оцена и одбрана на специјалистичка работа**<br>20 (10 + 10) кандидати * 0,2 (2020-2024) | **4** |
| **9.** | **Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа**<br>20 кандидати * 0,1 (2020-2024) | **2,0** |
| **10.** | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник** | |
| | Учебник „Инструментални фармацевтски анализи“ од авторите А. Димитровска, З. Кавраковски, К. Брезовска, **Ј. Ацевска** и Н. Наков. Фармацевтски факултет –УКИМ, Скопје, октомври 2020 | **6** |
| **11.** | **Изменето и дополнето издание на учебник** | |
| | Учебник Евалуација на хемиски супстанции за фармацевтска употреба според европската фармакопеја, Четврто издание, од авторите А. Димитровска, С. Трајковиќ Јолевска, К. Брезовска, **Ј. Ацевска**, мај 2021 (рецензија објавена во Билтен на УКИМ бр. 1237, од 1.5.2021) | **3** |
| **12.** | **Пакет материјали за одреден предмет** | **4** |
| 12.1 | **Магистер по фармација – интегрирани прв и втор циклус студии** | |
| | Аналитика на лекови и легислатива | 1 |
| | Регистрација на лекови | 1 |
| | Инструментални фармацевтски анализи | 1 |
| | Евалуација на фармакопејски супстанции | 1 |
| | **Вкупно** | **257,2** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Ментор на докторски труд** | |
| 1.1 | 3 менторства *5 | **15** |
| **2** | **Ментор на магистерски труд** | |
| 2.1 | 2 менторства *2 | **4** |
| **3** | **Учесник во национален научен проект** | **21** |
| 3.1 | Развој на методи со користење на вибрациони спектроскопски техники во спрега со мултиваријантна анализа во различни подрачја од фармацевтски интерес, Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје / 2021 – 2023 (координатор на работен пакет) | 3 |
| 3.2 | Пристапи за развој на еколошки прифатливи хроматографски методи во фармацевтски анализи, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2022 – 2023 | 3 |
| 3.3 | Зајакнување на лабораториските капацитети за откривање на фалсификувни лекови како дел од стратегијата на Република Северна Македонија за борбата против фалсификувањето на лекови, Министерство за наука и образование на РСМ, 2021 – 2023 | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 3.4 | Платформа за интеграција, агрегација и складирање на знаење поврзано со фармацевтските науки, *PharmDataBorg*, Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, 2021 – 2023 | 3 |
| 3.5 | Анализа на присуство на нитрозамини како онечистувања во супстанции за фармацевтска употреба и готови фармацевтски производи (2020 – 2022) | 3 |
| 3.6 | Влијанието на новите регулаторни барања на ЕУ во обезбедување на квалитет и следење на безбедноста на медицинските средства (2019 – 2021) | 3 |
| 3.7 | Градење на национална стратегија за борба против фалсификувањето на лекови, Национален проект (2016 – 2023) | 3 |
| **4.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** | **33** |
| 4.1 | Godzo H, Gigopulu O, Brezovska K, Geshkovski N, Nakov N, **Acevska J**, Panovska AP, Tonic-Ribarska J. PLS based quantitative determination of insulin aspart in solution using Raman spectroscopy. *Archives of Pharmacy*. 2024 Apr 28;74 (Notebook 2):206-15. doi.org/10.5937/arhfarm74-49901<br>Електронска база на списанија: DOAJ, Embase | 3 |
| 4.2 | Gigopulu O, Godzo H, Atanasovska B, Gjorgievska MZ, Panovska AP, Tonic-Ribarska J, **Acevska J**, Brezovska K, Nakov N. Green RP-HPLC method for impurity profile of amlodipine in tablets. *Archives of Pharmacy*. 2024 Apr 28;74 (Notebook 2):216-34. doi.org/10.5937/arhfarm74-49799<br>Електронска база на списанија: DOAJ, Embase | 3 |
| 4.3 | M. Tomikj, M. Bozinovska, N. Anevska-Stojanovska, J. Lazova, **J. Acevska**, K. Brezovska, J. Tonich-Ribarska, N. Nakov. Sustainable and white HPLC method for simultaneous determination of amlodipine and atorvastatin in film-coated tablet. Green Analytical Chemistry 8 (2024) 100103. Doi.org/10.1016/j.greeac.2024.100103<br>Електронска база на списанија: Scopus, DOAJ | 3 |
| 4.4 | Renata Bozhinovska Popovska, Tatjana Gjurichikj, Branislava Janeva, **Jelena Acevska**, Aneta Dimitrovska. Determination of bacterial endotoxins in parenteral solutions produced on a small scale in a clinical hospital. Macedonian pharmaceutical bulletin, 70 (1) 61 - 68 (2024)<br>DOI: 10.33320/maced.pharm.bull.2024.70.01.007<br>Електронска база на списанија: Ebsco | 3 |
| 4.5 | Milena Nanov, Sanja Despotovska, Gordana Mitrovska, Vasilka Dubrova Koceva, **Jelena Acevska**. Advantages of trend analysis in stability studies for prediction of potential OOS result within estimated shelf-life of medicinal product. Macedonian pharmaceutical bulletin, 70 (1) 37 - 47 (2024)<br>DOI: 10.33320/maced.pharm.bull.2024.70.01.005<br>Електронска база на списанија: Ebsco | 3 |
| 4.6 | Martina Miloshevska, Irena Slaveska Spirevska, Natalija Nakov, Gjoshe Stefkov, Aneta Dimitrovska, **Jelena Acevska**. Water content determination in different varieties of Cannabis flowers. *Macedonian pharmaceutical bulletin*, 69 (1) 67 - 75 (2023)<br>DOI: 10.33320/maced.pharm.bull.2023.69.01.006 | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Електронска база на списанија: Ebsco | |
| 4.7 | Shkendije Imeri, Snezana Zaharieva, Gordana Majnova, Suzana Angelova, **Jelena Acevska**, Katerina Brezovska, Vasil Karchev, Aneta Dimitrovska. Overview of the compendial methods for quantitative determination of glucose in solutions for intravenous infusion. *Macedonian pharmaceutical bulletin* Vol. 68(2) 47-81 (2022)<br>DOI: 10.33320/maced.pharm.bull.2022.68.02.005<br>Електронска база на списанија: Ebsco | 3 |
| 4.8 | Ivana Cvetkovikj Karanfilova, Veronika Stoilkovska Gjorgievska, Gjoshe Stefkov, Marija Karapandzova, Ana Trajkovska, Iskra Davkova, **Jelena Acevska**, Svetlana Kulevanova, Katerina Brezovska. DAB method transfer for potency of cannabinoids in dry cannabis flower. *Macedonian pharmaceutical bulletin* Vol. 68(2) 27-34 (2022)<br>DOI: 10.33320/maced.pharm.bull.2022.68.02.003<br>Електронска база на списанија: Ebsco | 3 |
| 4.9 | Andrea Alagjozovska, Gordana Mitrovska, **Jelena Acevska**. Regulatory requirements for verification of sampling plan for solid pharmaceutical bulk product. *Macedonian pharmaceutical bulletin* Vol. 68(2) 71-76 (2022)<br>DOI: 10.33320/maced.pharm.bull.2022.68.02.008<br>Електронска база на списанија: Ebsco | 3 |
| 4.10 | E. Trajkovska Bojadjiska, H. Godzo, **J. Acevska**, N. Nakov, A. Dimitrovska, K. Brezovska, Evaluation of measurement uncertainty after optimization of the method for potentiometric titration of glycine, *Macedonian Pharmaceutical Bulletin*, 68(1) 43-52 (2022)<br>DOI: 10.33320/maced.pharm.bull.2022.68.01.005<br>Електронска база на списанија: Ebsco | 3 |
| 4.11 | G. Petrovska-Dimitrievska, **J. Acevska**, N. Nakov, M. Zafirova Gjorgievska, K. Brezovska, Impact of mobile phase on reverse-phase separation of polar basic compounds, *Macedonian Pharmaceutical Bulletin*, Vol. 68(1) 69-74 (2022); DOI: 10.33320/maced.pharm.bull.2022.68.01.00<br>Електронска база на списанија: Ebsco | 3 |
| **5.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** | **58,6** |
| 5.1 | Apostol Todorovski, Nikola Geskovski, Marina Petreska, Eric Deconinck, Herve Rebiere, Natalija Nakov, Katerina Brezovska, **Jelena Acevska**. Screening the capability of vibrational spectroscopic techniques for simultaneous quantification of vitamins B1, B6, and B12 in a powder blend *Vibrational Spectroscopy* 133 (2024) 103711 (IF=2.7)<br>https://doi.org/10.1016/j.vibspec.2024.103711<br>Импакт фактор: =2.7<br>Електронска база на списанија: Scopus, Science Citation Index Expanded (SCIE), SCImago Journal Rank (SJR), SNIP | 6,42 |
| 5.2 | Marina Topkoska, Martina Miloshevska, Marjan Piponski, Irena Slaveska Spirevska, Natalija Nakov, Katerina Brezovska, and **Jelena Acevska**. Greenness Assessment and Validation of HPLC Method for Simultaneous Determination of Resveratrol and Vitamin E in Dietary Supplements. *Journal of AOAC INTERNATIONAL*, 2024, 1–6 (IF=1.7)<br>https://doi.org/10.1093/jaoacint/qsad131<br>Импакт фактор: =1.7 | 5,82 |

| | | |
|---|---|---|
| | Електронска база на списанија: Scopus, Web of Science (SCIE), PubMed, Embase, UGC CARE | |
| 5.3 | Natalija Nakov, Liljana Anastasova, Marija Zafirova Gjorgievska, **Jelena Acevska**, Katerina Brezovska, Rumenka Petkovska and Aneta Dimitrovska. Green RP-HPLC methods for assay and related substances in rivaroxaban tablets. *Acta Chromatographica*. 2024. Vol. 36(4):371-382 (IF=1.7)<br>DOI: 10.1556/1326.2023.01178<br>Импакт фактор: =1.7<br>Електронска база на списанија: Scopus, Web of Science (SCIE), UGC CARE | 5,82 |
| 5.4 | E. Deconinck; M. Raimondo; A. Borioni; Y. Grange; H. Rebière; A. Mihailova; O. Bøyum; J. K. Maurin; K. Pioruńska-Sędłak; L. Stengelshøj Olsen; **J. Acevska**; K. Brezovska; T. Rundlöf; M. J. Portela; S. Meieranz; M. Miquel; M. Bertrand. Clustering of Tadalafil API Samples According to their Manufacturer in the Context of API Falsification Detection. *Journal of Pharmaceutical Sciences* 000 (2023) 1–9; https://doi.org/10.1016/j.xphs.2023.05.015<br>Импакт фактор: =3.7<br>Електронската база на списанија: Scopus, Web of Science (SCIE), PubMed, Embase, UGC CARE | 7,02 |
| 5.5 | E. Deconinck, P. Courselle, M. Raimondo, Y. Grange, H. Rebiere, A. Mihailova, O. Bøyum, J.K. Maurin, K. Piorunska-Sędłak, L. Stengelshøj Olsen, **J. Acevska**, K. Brezovska, T. Rundlof, M.J. Portela, M. Bertrand GEONs API fingerprint project: Selection of analytical techniques for clustering of sildenafil citrate API samples, *Talanta*, 239 (2022) 123123 DOI: https://doi.org/10.1016/j.talanta.2021.123123<br>Импакт фактор: 6,556<br>Електронската база на списанија: Scopus, Web of Science (SCIE), PubMed, Embase, UGC CARE | 8,73 |
